Co-funded by the European Union

INTERGREEN

# GREEN UP

## УПАТСТВО ЗА ИГРА



RÉPUBLIQUE FRANÇAISE
GIP FIPAN
ciape
município de lousada
DIAS
SYNTHESIS
eco LOGIC

Co-funded by the
European Union

Финансирано од Европската Унија. Ставовите и мислењата изразените тука се исклучиво на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат оние на Европската Унија или на Агенцијата Еразмус+ Франција / Education Formation. Ниту Европската Унија, ниту надлежниот орган за доделување на грантови не можат да се сметаат за одговорни за нив.

Проект бр. 2022-1-EN01-KA220-VET-000086582

# GREEN UP

## УПАТСТВО ЗА ИГРА

Јули 2024

Добредојдовте во GREEN UP!

Ние сме конзорциумот на Еразмус+ проектот „Интергрин". Оваа игра ја развивме со намера да ги поттикнеме вработените во општините ширум Европа да размислат за различните начини на кои можат да придонесат за позелени и поодржливи општини.

Играта е наменета за најмалку двајца и најмногу осум играчи, од исти или различни сектори и одделенија. Преку играта, учесниците можат да ги тестираат своите зелени идеи и решенија, справувајќи се притоа со различни предизвици и критики. Играта е предвидено да се игра од два тима и тоа: (1) тим *советници за одржливост* или „*предлагачи*" и (2) тим *градоначалник и набљудувачи* или *оценувачи.*

Заради фер игра, се препорачува играта да биде водена од вешт фасцилитатор, кој ќе внимава на времето поминато во секоја фаза од играта и ќе гарантира дека основните правила и препораки за забавна и фер игра се почитуваат.

Во играта може да се вклучи и записничар, чијашто улога ќе биде да води белешки за резултатот и напредокот на играта.

За да овозможите забавно учење за двата тима, препорачува играчите, односно тимовите да ги променат улогите.

Искрено се надеваме дека ќе уживате во оваа наша едукативна игра за возрасни!

Со почит,
**Тимот на „Интергрин"**

## Вовед

**GREEN UP е дизајнирана со цел да ги инспирира општинските службеници, да размислуваат, дискутираат и тестираат идеи за зелена транзиција на нивната општина.** Играта нуди сет од зелени мисии и иницијативи, организирани во 6 (шест) сектори за игра, вклучувајќи сет од реални предизвици и реакции кои можат да го загрозат успехот на секоја иницијатива и мисија.

**GREEN UP не е игра на среќа, туку игра на вештини.** Самата игра бара стратешко размислување и носење одлуки. Истата нуди т.нар. „учење преку игра и дискусија" во рамки на кое играчите вежбаат меки и технички зелени вештини и знаења, инаку потребни за зелена транзиција на нивните општини.

**Играта е дополнителна алатка за учење, дизајнирана како составен дел од модуларната обука за зелени вештини и одржливост, инаку развиена од страна на конзорциумот.** Самата игра, како и обуката, имаат за цел да понудат можност за забавно и интерактивно учење за општините, почнувајќи од вработените во неколку општини во 6. (шесте) држави во кои се спроведува Интергрин проектот и тоа: Франција, Италија, Португалија, Грција, Кипар и Македонија.

## Компоненти

Играта се состои од:
(1) Една **платформа или табла за играње** со одбележани 6 полиња за 6 различни сектори за игра. Секој од секторите е посветен на конкретни општи и специфични одговорности на општината во делот на зелената транзиција, пример, секторот за локален развој се однесува на теми поврзани со зазеленување на локалниот бизнис сектор во општината; секторот образование и благосостојбата се однесува на теми поврзани со образованието на децата, младите и возрасните, на спортот, локалните социјални прашања итн.

(2) Сет од **карти за игра:**

- **8 карти „Играчи“**, кои вклучуваат минимум 2 карти за игра или серија од по максумум 4 карти за два тима: тим *советник за одржливост* или предлагачи - имплементатори и *тим градоначалник* или набљудувачи.
- **3 карти за гласање**, кои вклучуваат карта за успешна, неуспешна или 50:50 иницијатива. Картите за гласање се користат во фазата на евалуација.
- **6 карти „Мисии“**, или по една за секој од шестте сектори за игра.
- **26 карти „Зелени иницијативи“**, достапни во серија од по 3-5 карти за секој од шестте сектори и мисии за игра.
- **78 карти „Предизвици“**, секој од кои е поврзан со конкретна зелена иницијатива и сектор на игра. Овие карти се користат во подготвителната фаза од играта.
- **156 карти „Ресурси“**, кои нудат инспиративни примери за акции за решавање на конкретните предизвици. Овие карти се користат во фазата „бура на идеи“.

- **130 карти „Реакции“**, кои изразуваат реални ставови, мислења и грижи, изразени од градоначалникот, граѓаните или засегнатите страни во општината. Овие карти се користат во фазата наменета за ревизија на одиграното.
- **3 карти „Кој? / Зошто? / Што?“**, кои треба да послужат како потсетник на трите прашања на кои, советникот за одржливост и неговиот тим треба да одговорат. Овие карти се користат при стратешко планирање, односно во т.нар. фаза „бура на идеи“.






## Приказна

Еден играч или тим ја превзема улогата на советник за одржливост со задача да ја трансформира општината во одржлива и еколошка. Отварајќи ги вратите на секторите и играјќи конкретни зелени иницијативи, играчите се соочуваат со предизвици кои треба да ги надминат стратешки, со цел да се постигнат највисоко ниво на одржливост и зелена транзиција но конкретниот сектор. Сепак, во нивната мисија, тие ќе се соочат и со реакциите на градоначалникот и неговиот тим на набљудувачи, чија улога е внимателно да ја следат играта на тимот советници и да гласаат поддршка за оние акции кои најдобро го одразуваат интересот на граѓаните и локалните чинители во општината, односно против акциите кои и штетат на општината.

## Цел на играта

Тимот на советникот за одржлив развој мора да оствари најмалку 3 зелени иницијативи преку предлагање конкретни зелени решенија (акции) и адресирање на причините за загриженост на градоначалникот и тимот набљудувачи.

## Поставување на играта

**(1)** Поставете ја таблата за играње заедно со шесте сета карти. Поставете ги сетот карти на соодветните полиња (сектори).

**(2)** Со влечење од сетот „Играчи“, изберете советник за одржливост, градоначалник и членови на двата тима - тим имплементаторите и тим набљудувачи.

**(3)** Дајте им ги картите за гласање на градоначалникот и тимот набљудувачи и појаснете им ја улогата на овие карти.

(4) Дајте им ги на градоначалникот и тимот набљудувачи и трите „Кој? / Зошто? / Што?“ карти.

(5) Објаснете ги правилата на играта, како и улогата на сетот карти. Пример, картите „кој-зошто-што“ треба да се користат како потсетник на она што советникот мора да одговори за време на бурата на идеи и презентацијата на зелените акции. Картите за гласање треба да се искористат од страна на градоначалникот и набљудувачите во фазата оценување. Картите „ресурси“ треба да се искористат од страна на советникот за одржливост и неговиот тим за решавање на предизвиците кои им се презентираат по изборот на зелена иницијатива. Картите „реакции“ треба да се искористат од страна на градоначалникот и набљудувачите како инспирација за да се поставаат дополнителни прашања и да одлучат дали ќе ја прифатат, одбијат или ќе ја стават под „можеби“ конкретната зелена иницијатива.

## Игра

### Фаза 1: Фаза на подготовка

- Тимот на советникот за одржливост дискутираат и одлучуваат на кој од шесте сектори ќе се фокусираат.
- По одлуката, тие се запознаваат со мисијата на конкретниот сектор и сетот зелени иницијативи за да ја остварат конкретната мисија.
- Играчите од тимот на советникот за одржливост дискутираат и се согласуваат која од зелените иницијативи на секторот ќе ја одиграат.

### Фаза 2: Фаза на стратешко планирање (бура на идеи)

- Откако играчите ќе ја изберат иницијативата на која ќе се фокусираат, фасцилитаторот ги поставува пред нив трите карти „предизвици“ со кои ќе мораат да се справат.

- За помош, фасцилитаторот им дава и 6 карти „ресурси“ кои треба да им помогнат да се справат со конкретните предизвици поврзани со избраната зелена иницијатива.
- Фасцилитаторот им дава насоки: (1) да ги искористат сите 6 ресурсни карти; (2) да ги адресираат сите 3 предизвици и (3) да предложат акции кои ќе придонесат за остварување на зелената иницијатива и мисијата на секторот.
- Од истиот сет на карти за игра, фасцилитаторот им дава 5 карти „реакции“ на градоначалникот и набљудувачите.
- Фасцилитаторот им дава насоки на градоначалникот и набљудувачите, алармирајќи ги за: (1) потребата внимателно да ја следат играта и дискусијата на тимот на советникот за одржливот за време на бурата на идеи; (2) да се запознаат со содржината на картите „реакции“ за ефективно да ги искористат истите како инспирација за своите реакции на предложените акции во фазата на преглед.
- На играчите од тимот на советникот за одржливост им се даваат 15 минути за дискусија, во рамки на коишто имаат за задача да одлучат какви акции ќе превземат/предложат за да се справат со трите предизвици.
- Во оваа фаза, им се нудат и картите „кој-зошто-што“, како потсетник на прашањата што треба да си ги постават при разработката на нивните предлог-акции.
- На играчите од тимот на советникот за одржливост им се даваат стикери и/или бели листови и пенкала со цел да ги разработат своите зелени акции и да ги организираат за презентација пред градоначалникот и набљудувачите.
- Градоначалникот и набљудувачите се задолжуваат да слушаат внимателно за време на бурата на идеи и да се подготват за нивната улога како рецензенти или ревизори во фазата на ревизија, кога и ќе имаат можност да постават прашања и да ги изразат своите позитивни или негативни коментари и грижи во врска со предлог-акциите.

### Фаза 3: Ревизија

- Тимот на советникот за одржливост имаат на располагање 5-минути во рамки на кои ги презентираат своите предлог-акции пред градоначалникот и набљудувачите.
- Градоначалникот и набљудувачите слушаат внимателно.
- По презентацијата, градоначалникот и набљудувачите имаат 5 минути да разговараат и да се договорат за прашањата кои ќе ги постават и грижите кои ќе ги искажат врз основа на сетот реакции од засегнатите страни.
- Градоначалникот и набљудувачите се должни да дадат јасни и директни насоки, релевантни за секторот, мисијата и иницијативата. Тие се должни да размислат за потенцијалните ризици и пречки што зелената иницијатива и предложените акции можат да ги имаат за општината, локалните заедници и чинители, и да ги искористат картите „реакции" како инспирација.

### Фаза 4: Преговори (појаснување)

- Врз основа на реакциите, на тимот на советникот за одржливост им се даваат дополнителни 10 минути за да ги преиспитаат предложени акции; да понудат дополнителни информации и да одговорат на сите прашања и нејаснотии искажани во третата фаза.

### Фаза 5: Евалуација

- По појаснувањето во фаза 4, на градоначалникот и набљудувачите им се налага накратко да разговараат и да се усогласат - дали ќе доделат црвена карта за одбивање на предлог-акцијата, зелена карта за одобрување или портокалова за можеби.
- Во зависност од првичната цел на играта, претставена на почетокот, играчите или продолжуваат со истиот сектор

бирајќи друга зелена иницијатива, или се одлучуваат за друг сектор / мисија / иницијатива. Дополнително, во случај на три 3 одобрени зелени иницијативи или 3 одбиени зелени иницијативи, двата тима можат да ги променат улогите.




## Крај на играта / бодување

**GREEN UP завршува по 3 одбиени предлог-акции од страна на градоначалникот и тимот набљудувачи, или по 3 успешни (прифатени) предлог-акции.** *Имајте на ум дека ова е моментот по кој играчите можат да направат ротација, односно, да ги сменат улогите - советникот за одржливост да стане градоначалник и неговиот тим - набљудувач и обратно, градоначалникот да стане советник за одржливост и набљудувачите - негов советодавен тим.*

Играчите со највисоко ниво на зазеленување или најголем број на успешни мисии или иницијативи победуваат. Сметајте дека Green up е игра која може да се игра се додека им е интересно на играчите. Имено, освен ограниченото време за некои од фазите, како што се: бура на идеи, презентација на зелени акции, евалуација и преговори, играта нема конкретно ограничување во време за игра и може да се игра со денови, недели и месеци. За повеќе информации, како и за следење на резултатот, видете го шаблон кој препорачуваме да се користи за време на играта.

## Образец: Табела за бодување

Организаторите на оваа игра се охрабруваат да ја користат табелата за бодување со цел полесно да ги следат резултатите постигнати во текот на играта. Табелата, доколку е потребно, може и треба да се прилагоди. Пример, да се додадат или одземат редови според бројот на тимови кои ќе играат во улогата на советници за одржливост. На пример, во случај на само два тима на играчи, кои не ги менуваат улогите, доволно е да се користи само еден ред за да се следи постигнатиот резултат. Во случај кога играат само два тима кои ги менуваат улогите, треба да има два реда за следење на резултатите итн.

| Играч / Тим | Сектор за меѓународна соработка и НВО | | | | Сектор за јавни набавки | | | | | Сектор за локален развој | | | Сектор за образование и благосостојба | | | | Сектор паркови и заштита на животна средина | | | | | Сектор за урбанизам и градежништво | | | | | ***РЕЗУЛТАТ*** | | | ***Успех да/не*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | **П** | **Н** | **М** | |
| Тим Советници за одржливост 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Тим Советници за одржливост 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Тим Советници за одржливост 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Тим Советници за одржливост 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## Насоки

***Сектори***: Играчите мора да спроведат зелени иницијативи во шесте сектори означени на таблата за игра и табелата погоре.

***Зелени иницијативи:*** Во колоните под соодветниот сектор, обележете "П" за секоја одобрена зелена иницијатива, "Н" за секоја одбиена зелена иницијатива и "М" за секоја зелена иницијатива која не е ниту одобрена, ниту одбиена, туку ставена под „можеби“.

***Вкупно зелени иницијативи:*** Избројете и запишете го вкупниот број на зелени иницијативи кои секој играч/тим успешно или неуспешно ги завршил, вклучувајќи ги и сите „можеби".

***Успех:*** Ако тимот на советникот, успешно заврши минимум 3 зелени иницијативи, обележете "Да" под Успех. Доколку ;добие 3 одбивања од градоначалникот и набљудувачите, обележете "Не". Сметајте дека гласовите под „можеби", иако се повеќе позитивни отколку негативни, немаат влијание врз резултатот.

## Други ресурси

Дополнителни алатки кои се користат за играта се:

- стикери (пост-итс)
- пенкала и/или маркери
- листови хартии
- мерач на време (дигитален или друг часовник)

**Автор:**
Стојне Тодоровска
Eco Logic

**Уредник/-чки:**
Стојне Тодоровска
Eco Logic

Ангела Сека
GIP FIPAN

**Издавач:**
Eco Logic
Козле 26А, Скопје
С. Македонија

**За издавачот:**
Никола Нескоски
Претседател
Eco Logic

**Дизајн:**
Меги Велкова
Eco Logic

INTERGREEN

Благодарност до сите членови на Интергрин тимот за нивната непоколеблива поддршка и напорна работа. Оваа игра, како и овој прирачникот се доказ за нивната посветеност и придонес за проектот.

Co-funded by the
European Union

Финансирано од Европската Унија. Ставовите и мислењата изразените тука се исклучиво на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат оние на Европската Унија или на Агенцијата Еразмус+ Франција / Education Formation. Ниту Европската Унија, ниту надлежниот орган за доделување на грантови не можат да се сметаат за одговорни за нив.

**Проект бр. 2022-1-EN01-KA220-VET-000086582**